# Зошто моето **дете треба** да оди во **градинка**?



Учењето на рана возраст е важно. Ќе му помогне на детето подоцна во образованието, работата и животот. Она што се случува во раните години на детето може да влијае на развојот на мозокот.

Во Викторија владата обезбедува финансирање за секое дете да посетува една година градинка. Тоа е обично годината пред детето да започне со училиштето.

Програмата на градинката може да се изведе во градинка на заедницата, во центар за грижа на деца или во некои училишта. Сите финансирани градинки ќе истакнат цертификат (погледнете позади) и ќе имаат квалификуван учител за рано детство.

## Понатамошни информации

За повеќе информации за програмите во градинките и другите услуги за децата во вашата област, контактирајте ја локалната власт или локалната канцеларија на Department of Human Services. Повеќе информации може да добиете и ако се јавите на Early Years Services Branch во Office for Children на 1300 731 947 или ако појдете на интернет страната на Department of Human Services **www.dhs.vic.gov.au/earlychildhood**

## Широко искуство

Програмата во градинката ќе му пружи на вашето дете повеќе видови на искуство. Искуствата му помагаат на детето да се развива и учи во сите области. Некои луѓе ова го нарекуваат внимание кон 'детето како целина'.

Меѓу другите работи, вашето дете ќе учи да:

- го користи јазикот
- се снаоѓа со другите
- биде сигурно во себе
- црта, слика, пее и игра
- ги открива проблемите, испитува и решава.

Вашето дете ќе учи за

- неа – или за себе
- другите луѓе
- светот.

Вашето дете, исто така, ќе учи вештини и ќе добива информации кои ќе му помогнат да чита и пишува.

## Учење да се биде со други

Вашето дете ќе учи како да се снаоѓа со другите деца

- и да биде грижливо и љубезно
- позитивно кон другите луѓе кои не се како него
- да ги покажува чувствата на добар начин
- да им помага на другите и да добива помош од другите
- да учи добри начини за разрешување на конфликтите
- да работи со другите за извршување на работите.

## Детето како индивидуа

Учителот за мали деца ќе го запознае вашето дете. Тој/таа ќе ве запознае вас и вашето семејство и ќе научи за вашата култура и заедница. Учителот ќе ги научи добрите особини на вашето дете, неговите интереси, талент и потреби. Вашето дете ќе биде гледано како посебна особа, а не како секое друго дете.

## Подршка од родителите

Вие ќе имате можност да ги запознаете другите родители. Вие ќе разговарате со учителот и ќе добиете подрша за било кои грижи за вашето дете. Вашето дете подобро ќе напредува во градинката кога ќе му кажете на персоналот што сакате и како вие го гледате детето.

Градинката помага и во откривањето дали на детето му треба додатна помош. Програмите во градинката се поврзани со други видови на помош. Персоналот ќе ви помогне ако ви требаат други служби за вашето дете, семејство или за вас.

## Гледање кон иднината

Повеќето деца го градинките ќе започнат со училиштето наредната година. Градинката може да помогне да го превземат успешно наредниот чекор. Кога децата се сигурни во себе тие ќе се снаоѓаат во новите ситуации. Многу услуги во програмата на градинката соработуваат со локалните училишта за да им се помогне на семејствата и децата лесно да се вклучат во училиштето.

Office for Children…им помага на семејствата во Викторија да им го дадат најдобриот почеток на децата

A Victorian Government initiative

Victoria The Place To Be

Department of Human Services

This document is managed by the Department of Education and Early Childhood Development, Victoria (as of 27 August 2007)

# **Цертификат** за градинка




**Побарајте** го овој **цертификат** кога бирате **градинка** или **програма за грижа на детето** за вашето **четиригодишно дете.**

Цертификат за градинка значи дека програмата во градинката се изведува од страна на квалификуван учител за мали деца и се финансира од страна на државната Влада. Како признание за важноста на раните години владата обезбедува финансирање за секое дете да посетува една година во градинка. Тоа е обично годината пред детето да започне на училиште.

## За повеќе **информации**

За повеќе информации за градинките во вашата област, контактирајте ја локалната власт на следната интернет страна:

**www.mav.asn.au/**

**www.vicnet.net.au/government/localgovt**

Појдете на интернет страната на Office for Children early years – **www.dhs.vic.gov.au/earlychildhood**

или јавете се на Early Years Services Branch во Office for Children на 1300 731 947 (по цена на локален разговор).